Здружение на риболовци спортско-рекреативен клуб РИБАР 2011
Бул. Партизански одреди 42/4, 1000 Скопје, Р. Македонија
жиро с-ка: 300000003352938 (Комерцијална банка АД Скопје)

**До:**
**Државен инспекторат за земјоделство**

**Копија до:**
**Македонска Риболовна Федерација**

Здружение на риболовци спортско рекреативен клуб **РИБАР 2011**
Бр. 0302-11/2
25.02. 2025 год.
СКОПЈЕ

Предмет: **Забрани за риболов на рекреативна зона Вардар – Скопска и атрактивна зона Треска – Скопска**

Почитувани,

Согласно Договорот за концесија за рекреативна зона "Вардар – Скопска" бр.33-2834/1 од 21.02.2025 и предвидените периоди за природен мрест од Риболовната основа за „Вардар – средно течение", а со цел заштита на популацијата и мрестот на рибите, ЗРСРК РИБАР 2011 Скопје ги воведува следните забрани во 2025 година:

1. Забрана за поедини видови риби, согласно следната табела:

| **Вид на риба** | **Период на забрана** |
|---|---|
| Скобуст (бојник) | Од 15 април до 15 мај 2025 |
| Клен | Од 15 мај до 15 јуни 2025 |
| Црна мрена | Од 15 мај до 05 јули 2025 |
| Крап | Од 15 мај до 05 јули 2025 |
| Сом | Од 15 април до 31 мај 2025 |
| Попадика | Од 20 април до 31 мај 2025 |
| Бела мрена | Од 15 мај до 05 јули 2025 |
| Лињак | Од 15 мај до 05 јули 2025 |
| Писа, платица | Од 15 мај до 05 јули 2025 |
| Златен карас | Од 15 мај до 05 јули 2025 |
| Црвеноперка | Од 15 мај до 05 јули 2025 |
| Костреж | Од 15 април до 15 мај 2025 |

Во периодот на забрана сите случајно уловени риби ќе мора во жива состојба и неоштетени да се вратат во риболовната вода и нема да се толерира никакво изнесување на рибите за кои е определена забрана, нивно убивање, како и ставање во секаков вид на чуварки.

2. Забрана за поедини видови риби, односно **забрана за риболов на пастрмка** во периодот од **01.11.2025 до 31.01.2026 година на рекреативната зона Вардар – Скопска**, додека пак за **атрактивна зона Треска – Скопска** се воведува **целосна забрана за рекреативен риболов во периодот од 01.11.2025 до 31.01.2026 година.**

Со почит,

**ЗРСРК РИБАР 2011 – Скопје**